31825

НОВА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, 11. VIII. 1984, 13490, 6.

ИЗЛОЖБИ

ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ

# Уметност со сопствена боја

## Кон изложбата — „40 години македонско ликовно творештво 1944-1984 година" во МСУ — Скопје

Четириесет години македонска државност и слободен развој се значаен повод да се заокружат резултатите и во ликовното творештво. Повоениот динамичен општествен, културен и уметнички развој, проткаен со низа противречности ја усложнува и онака деликатната и одговорна задача да се претстави ликовното создавање во Македонија. Изложбата организирана по повод 40-годишнината на АСНОМ, покажува како може за кратко време да се подготви една импозантна поставка на која се застапени повеќе ликовни дисциплини и уметници. И тоа на начин, концепциски и изложбен, кој го респектира современиот метод на работа. Така, добивме уште еден поцелосен преглед на разновидното и немирно ликовно творештво во Македонија, втор по антологиската изложба од 1969 година која одеше и по други југословенски центри. Со таа разлика што сегашнава изложба е покомплексно замислена и го опфаќа „класичното" сликарство, скулптура, графика и тапиserија интегрирајќи ја мошне значајната компонента на растеж во монументалната уметност (сликарство, скулптура, мозаик, архитектура, и поврзани и покажувајќи слух за појавите на таканаречената „нова уметничка практика". Напорот на организаторите покажува дека изложбата можела во целина да биде антологиска но таа е составена од нешто поголем број уметници со што се дава поширока претстава за современото македонско творештво. Тоа не само што не ја разводнува и намалува вредноста на изложбата туку укажува на друга можност остварлива во услови на подобри финансиски услови и посмело, ослободено од предрасуди приоѓање во работата на историчарот на уметноста. Се чини неопходен е истражувачки проект кој студиозно и одговорно ќе ги регистрира, обработи и презентира сите оние вредности што се создаваат во Македонија кои се релевантни за едно отворено и поцелосно согледување на состојбата. Тоа може да ни открие нови имиња во македонската ликовна уметност.

За оваа изложба направен е внимателен избор на дела со кои се укажува на сите суштествени појави во современото македонско ликовно творештво откривајќи богатство на присутни струења и тенденции, поврзувајќи ги некаде авторите по стилски карактеристики и блискост по сензибилитет, со што донекаде е избегнато шаблонското хронолошко претставување. Покрај тоа што не е направен секогаш среќен избор на дела и недоволно се издвојуваат главните и пресудни моменти во развојот на уметноста претставени се покарактерисичните фази во творештвото на одделните уметници што навистина зборува за истенчена смисла за регистрирање и укажување на сложеноста и испреплетеноста на појавите во современата македонска уметност. На тој начин можат да се проследат сите најзначајни фази во општиот развој, времиња кога се учело и прифаќало „од страна" но и херојските моменти на еманципирање на свој начин кога се асимилирале елементи од современата светска уметност како еден од начините да се изрази националната традиција и минато. Нивното поврзување значи потврдување на сопствениот творечки идентитет и автентичен придонес на југословенските, па и светски уметнички движења. Овие четириесет години развој, кои го афирмираат принципот на слобода во создавањето, покрај низата недоследности и контрадикторности на впечатлив начин ја откриваат специфичнотса и препознатливоста на македонската ликовна уметност, потврдувајќи го својот духовен идентитет и опстојување низ вековите. Континуитетот со големата традиција се појавува со нова силина и вредности кои зборуваат за постоење во современоста, на уметност која има сопствена БОЈА.